Постанок

# СОЗДАВАЊЕ НА СВЕТОТ

**Оригинален текст: Катерина Хершеј**
**Адаптација за Европа: Крис и Џенифер Хаиер**

ВАЖНО!
Илустрациите за овие серии можат да се купат од повеќето канцеларии на МЕД и онлајн продавници. За да најдеш список на канцелариите на МЕД, како и на онлајн продавниците, посети ја страницата www.teachkids.eu/mk и кликни на „Локации“.

Text published by European CEF
Kilchzimmer
CH-4438 Langenbruck, Switzerland
Copyright ©1994 Child Evangelism Fellowship
Сите права се задржани. Преведено со дозвола.
Смее да се умножува за лична, непрофитна и некомерцијална употреба.
За комплетните детали во врска со правата посети ја страницата www.teachkids.eu/mk

# Содржина

Прва лекција
**БОГ СОЗДАДЕ** ........ 3

Втора лекција
**ГРЕВОТ ДОЈДЕ НА СВЕТОТ** ........ 7

Трета лекција
**ПРВИТЕ ДЕЦА** ........ 11

Четврта лекција
**СЛЕДЕЊЕ НА БОГ (ЕНОХ)** ........ 15

Петта лекција
**БОГ ЌЕ ГО КАЗНИ ГРЕВОТ** ........ 19

# Вовед

Првата Книга Мојсеева е книга на почетоци. Во првите глави е опишано создавањето на светот, како Бог ги создаде првиот маж и жена, како гревот влезе во светот, почетокот на казната за тој грев, првото ветување на Спасител, потеклото на музиката, првиот завет - со Ное, итн. Петте лекции во оваа серија даваат основно учење за детето да го разбере остатокот од Светото Писмо. Ние веруваме дека Светиот Дух ќе го исползува поучувањето од Неговото Слово да ги доведе децата да се запознаат со Богот на создавањето, праведноста, благодатта и искупувањето, Оној Кој е откриен во првите осум глави на Првата Книга Мојсеева. "А ова е вечен живот: да Те познаат Тебе Единствениот вистински Бог, и Исус Христос, Кого Го испрати" (Јован 17:3).

## Поучувај ја и применувај ја основната вистина во секоја лекција

Има многу вистини што можат да се пронајдат во овие лекции. Сепак е подобро темелно да се поучува една основна вистина, наместо да се обидуваш да вклучиш сè. Следните кратенки се употребени во прегледот на лекциите за да ти помогнат да ја поучуваш и применуваш основната вистина:

**ЦВ** - каде што се поучува основната вистина во лекцијата.

**ЦВН** - примената се однесува на неспасените деца.

**ЦВС** - примената се однесува на спасените деца.

Можеби ќе сакаш основната вистина да ја напишеш на парче картон или хартија и да ја поставиш на фланелографот. Тоа ќе им помогне на децата полесно да ја запомнат.

## Биди достапен за советување на децата

Како резултат на твоето поучување, можеби некои деца ќе имаат прашања за тоа како да се спасат, или, пак, за христијанскиот живот. Укажи имдека си подготвен да им помогнеш, и кажи им што треба да направат за да ја исползуваат твојата помош. Во некои лекции покажавме како се прави тоа. Меѓутоа, ти можеш да кажеш дека си достапен за советување и на други места во програмата, надвор од библиската лекција. Следното е пример за тоа што можеш да го кажеш:

"Подоцна, денеска, во библиската лекција ќе објаснувам како лично можеш да поверуваш во Христос, како во твој Господ и Спасител. Ако на крајот не си сигурен како да го направиш тоа и сакаш да ти помогнам повеќе, те молам дојди и седни напред на овие места, откако другите ќе си отидат".

На крајот на овој прирачник ќе најдеш некои практични совети за тоа како да се советува дете кое сака да дојде кај Христос.

## Прва лекција

# БОГ СОЗДАДЕ

| | |
|---|---|
| **Библиски текст:** | 1. Кн. Мојс. 1:1-2:8 |
| **Основна вистина:** | Бог е Создател. |
| **Примена:** | ***за неспасени деца:*** Поверувај во Господ Исус за навистина да можеш да Го прославиш Бог, твојот Создател;<br>***за спасени деца:*** Прослави го Бог. |
| **Почеток:** | "Не се прослави баш многу". |
| **Развој на настаните:** | Земјата е без облик.<br>Прв ден: Бог ја создаде светлината - ЦВ.<br>Втор ден: Бог го создаде небото и морето - ЦВ.<br>Трет ден: Бог ги создаде растенијата - ЦВС.<br>Четврти ден: Бог ги создаде Сонцето, Месечината и ѕвездите - ЦВН.<br>Петти ден: Бог ги создаде рибите и птиците - ЦВС.<br>Шести ден: Бог ги создаде животните - ЦВ. |
| **Кулминација:** | Бог го создаде човекот - ЦВН. |
| **Заклучок:** | Седми ден: Бог се одмори - ЦВС/ЦВН. |
| **Стих за учење напамет:** | "Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата" 1. Кн. Мојс. 1:1 |

## Визуелни помагала

Употреби ги фигурите В1-В7. За кругот број 6 исечи дел од обична хартија, доволно голем за да го покрие човекот на сликата. *(Хартијата можеш да ја залепиш со леплива лента за лесно да се одлепи. Отстрани ја кога ќе зборуваш за создавањето на човекот).* Залепи лист црна тврда хартија на лист од бела тврда хартија и заедно исечи ги во круг со исти димензии како другите слики.

Ако си во можност, кога ќе ја поучуваш оваа лекција, понеси со себе цвеќиња, овошје, листови и сл. и покажи им ги на децата додека поучуваш за нивното создавање.

## Подготовки за вклучување на учениците:

Фотокопирај го листот даден на крајот на лекцијата и на секое дете дај му по една копија. Имај подготвено моливи, фломастери и боици. Уверете се дека секое дете може да најде рамна површина на која ќе може да се потпре за да работи. Потоа, охрабрете го секое дете да нацрта нешто кое Бог го создал и за кое тоа сака да Му се заблагодари.

## Лекција

"Денеска во одделението не се прослави баш многу" - рече Филип, кога тој и Ристо се враќаа заедно од училиште. "Наставникот не беше задоволен од тебе".

"Знам" - воздивна Ристо, "но нема што да сторам во врска со тоа".

"Зошто е толку важно како е создаден светот?" - праша Филип. "Ако е создаден со голема експлозија, како што вели учителот, нека е така. Ако Бог создал сè, нема проблем, нека биде така".

"Да, но во Библијата се вели дека Бог создал сè. Тој треба да ја добие славата за тоа. Едноставно, не можев само да седам и да молчам".

Ристо беше во право. Во Библијата јасно се вели: "Во почетокот, Бог ги создаде небото и земјата" *(1. Кн. Мојс. 1:1)*. Тоа го читаме во првата книга во Библијата која се нарекува "Битие". "Битие" значи "почетоци". Дали некогаш си се запрашал кога започна сè? Ние не го знаеме одговорот на тоа прашање. Ние само знаеме дека беше многу, многу одамна. Многу одамна Бог ја создаде земјата. На почетокот Земјата беше темна и празна. Немаше облаци, дрвја, немаше птици, ни луѓе. Но, Бог беше таму. Тој постои отсекогаш. *(Поставете го црниот круг)*. Бог - Светиот Дух се движеше над таа темна, бездна... требаше да се случи нешто прекрасно! Бог рече: "Нека биде светлина" - и стана светлина! Немаше Сонце, Месечина, но имаше светлина *(заврти го кругот од белата страна)*. Само со збор Бог ја создаде светлината. Тогаш Бог ја оддели светлината од темнината. Светлината ја нарече "ден", а темнината "ноќ" *(отстрани го претходниот круг и постави го кругот В1)*. Тоа беше првиот ден од Божјото создавање.

Сега имаше светлина што се пробиваше низ водите. Бог пак проговори и рече дека водите треба да се одвојат. И така се случи! Целиот свет стана еден голем океан, а над него се создаде големо небо со "покривка" од облаци *(постави го кругот В2)*. Ова беше вториот ден! Ние дури и не можеме да сфатиме како Бог може да прави толку прекрасни нешта едноставно со збор. Но, Тој го направи тоа. Колку е велик нашиот Создател, Бог! Тој е семоќен.

Бог продолжи да го исполнува својот прекрасен, совршен план за вселената. Затоа пак рече: "Нека се собере водата што е под небото, на едно место, и нека се појави суво" *(1. Кн. Мојс. 1:9)*. И стана токму така како што рече Бог дека ќе стане. Водите се собраа на една страна и дозволија да се појави копно. Бог го нарече копното "земја", а водите "море". Истиот ден Бог пак рече: "Нека на земјата израснат растенија". Се случи точно како што рече Тој! *(Постави ја В3)*. Бог не употреби ништо за да се појават тие растенија - Тој само проговори. Со мене носам нешто што го направив јас *(можеби исплетен џемпер, цвеќиња од хартија, сошиена играчка и сл)*. За да го направам... ми требаше... *(објасни кои сà материјали ти беа потребни, и кои "алати" ги употреби)*. Ако ги немав овие работи, ако немав ништо, немаше да можам да ги направам. И вие исто така сакате да правите разни нешта, но ви требаат хартија, ножици, клинци итн. Само Бог може да прави нешта од ништо. Тој е многу поинаков од нас. Тој е многу, многу повелик. Затоа, растенијата, едноставно се појавија. Тој, исто така, испланирал растенијата кои растат да даваат семе, за постојано да се појавуваат нови растенија, трева и дрвја. Така е и до ден-денеска. Посадете афионово семе и ќе порасне булка, па афион. Посадете во земјата желад и ќе порасне даб. Таков беше Божјиот совршен план.

Се прашувам, кога ќе погледнеш на прекрасно цвеќе, дали размислуваш за Бог кој го создал? Или, кога ќе погледнеш на големиот даб, дали мислиш на Бог Создателот? Дали некогаш си Му рекол: "Господи, ти си толку прекрасен и велик. Ти благодарам што го создаде ова". Бог сака ти да го веруваш за Него тоа што е запишано во Библијата - дека Тој е Создател. Тој, исто така, сака да Му кажеш дека Го сакаш и да Му се заблагодариш за сè што создал. Тој сака често да му велиш: "Боже, ти си прекрасен и многу велик. Те сакам и те славам за сè што си создал. Тој ја заслужува сета слава која можеме да му ја дадеме и многу, многу повеќе! Само Тој од ништо може да создаде толку прекрасни дрвја и растенија. Сето тоа се случи на прекрасниот трет ден на создавањето.

Можете ли да се сетите што Бог направи првиот, вториот и третиот ден? *(Повторете со децата)*. Што ќе се случи четвртиот ден? Бог пак проговори и ги создаде Сонцето, Месечината и ѕвездите *(постави го кругот В4)*. Сонцето е една голема огнена топка која дава светлина. Месечината ја одбива светлината од сонцето. Има милијарди ѕвезди и галаксии. Бог сите од нив ги поставил на точно определено место. И тие останаа во својата совршена орбита стотици и илјадници години *(Исаија 40:26)*. Ние можеме да ги исползуваме ѕвездите за да ни го кажуваат точното време. Зар не се чувствуваш засрамено што не Го сакаш, славиш и слушаш великиот Создател Бог? Да Му се биде непослушен е грев. Погрешно и лошо е да не Го љубиш и да не Го славиш за сè што создал. Денес можеби знаеш дека си виновен за тоа. Кога ќе помислиш на Неговото величие, дури малку и ти е страв. Дали Бог Создателот е исфрлен од твојот живот? Зар нема да Му се вратиш денеска? Во Библијата се вели дека Исус Христос, Неговиот Син умре за грешниците; Тој е Оној кој може да те врати назад кај Бог. Побарај од Него Тој да го направи тоа уште денеска. Кажи Му дека од денеска па натаму сакаш да Го љубиш, да Му бидеш послушен и да Го славиш како што треба. Во Библијата се вели дека Господ Исус може целосно да ги спаси оние, кои преку Него доаѓаат кај Бог *(Евреите 7:25)*. Ако си загрижен и сè уште не знаеш како да се вратиш кај Бог преку Исус Христос, остани таму каде што седиш откако ќе заврши часот. Така ќе знам дека сакаш да разговараш со мене и од Библијата ќе се обидам да ти одговорам на твоите прашања. Многу е важно да дојдеш кај Бог и тогаш да Го засакаш и да Му станеш послушен како на твој Создател. Тој е Оној кој ги создаде Сонцето, Месечината и ѕвездите и ги постави сите на нивните места.

На петтиот ден Бог пак проговори: "Нека водите се исполнат со множество живи суштества, и нека птици летаат по небото!" *(Од 1. Кн Мојс. 1:20) (постави го кругот В5)*. Од ништо, само преку Неговиот збор, Бог ги создаде големите китови, малечките златни рипки и сите други риби. Ги создаде орлите и галебите. Кажете ми за некои птици кои ги знаете. *(Дозволи им на децата да учествуваат)*. Да, Бог ги создаде сите нив. Тој кажа дека секоја риба ќе има како потомство риба "од својот вид". Тоа значи дека од икрите на пастрмката ќе се изведат пастрмки, а не ајкули! Птиците ќе несат јајца. Од јајцето на врапче ќе се испили врапче, а не гавран. Тоа се случува до денес. Никој, па дури ни најумните луѓе, не можат да направат вистинско живо врапче, или брза златна рипка. Само Бог го може тоа и затоа треба да Го славиме и да Му благодариме. Понекогаш дури и оние кои Го љубат Господ Исус забораваат да Му благодарат на Бог за тоа што Тој го создал. Забораваме да Му кажеме дека е многу, многу величестен и дека Го љубиме. Најчесто само бараме нешта, но Бог сака да Го славиме. Тоа значи да размислуваме за Неговото величие и тогаш, од срце да Му кажеме дека е величествен. Ние, исто така, можеме да Го славиме кога пееме песни за Неговото величие и навистина да веруваме во тоа што го пееме. Вие момчиња и девојчиња, кои го познавате и љубите Господ Исус - Бог сака да Го славите. Тој заслужува да го прославите. На едно место во Библијата пишува: "Дојдете, да Му се поклониме, пред Господа - Творецот наш, ничкум да паднеме!" *(Псалм 95:6)*. Значи, кога ќе почнеш да размислуваш за тоа како Бог го создал светот, треба да направиш едно нешто - слави Го.

Дојде и шестиот ден и Бог пак рече: "Нека земјата се исполни со живи суштества..." *(Постави го кругот В6 со покриен човек)*. Бог ги создаде животните од ништо. Ги создаде кравите, овците, коњите и козите. Ги создаде, исто така, и мачките и кучињата. Ги создаде лазачите: гуштерите, полжавите, црвците и пајаците. Ги создаде и мајмуните - секој од нив беше прекрасно создаден. Бог испланирал овците да имаат јагниња, мачките - мачиња, слоновите да имаат слончиња, лавовите - лавчиња, мајмуните - мајмунчиња. Така било отсекогаш, така е и до ден-денеска. Има толку многу различни видови животни во светот, а Господ Бог е нивни Создател. Во Библијата читаме што мислеше Бог за Своето создание: "Бог виде дека е добро" *(1. Кн. Мојс. 1:21)*.

Но на шестиот ден не беа создадени само животните. Бог создаде нешто многу попрекрасно, нешто особено - поразлично од сето тоа што дотогаш го создаде. Создаде човек - возрасен човек. Бог Таткото, Бог Синот, и Бог Светиот Дух заедно зборуваа за ова особено создание, бидејќи во Библијата читаме: "Да создадеме човек на наше подобие"- рекоа Тие *(1. Кн. Мојс. 1:26)*. Библијата ни кажува дека Бог го создаде телото на првиот човек од правот земен.

Нашите тела се создадени совршено, но не се само тие кои нè прават особени, поинакви созданија. Во Библијата се вели дека Бог вдахна дух во телото на првиот човек "и човекот стана жива душа " *(1. Кн. Мојс. 2:7)*, *(отстрани ја хартијата што го покрива човекот на кругот В6)*. Ова не му се случи на ни едно друго создание. Бог го создаде човекот за, на некој начин, да е сличен со Него. И така, јас и ти сме многу поинакви од животните. Како сме поинакви? Можеме да смислуваме нови идеи и да правиме нови нешта - животните не можат да го направат тоа. Ние вистински можеме да разговараме со другите луѓе и со Бог, а животните не можат. Ние можеме да избираме. Животните не прават вистински избори. Најважно од сè, можеме да Го запознаеме и прославиме Бог. Создадени сме да можеме да Го запознаеме нашиот Создател, да Го славиме и да бидеме заедно со Него засекогаш. Животното не може да го запознае Бог. Кога животното умре, тоа му е крајот. Кога ќе умре човек, неговата душа продолжува да живее. Гледате дека луѓето се поинакви од животните. Библијата вели дека сме чудесно и прекрасно создадени *(Псалм 139:14)*.

Немој никогаш да заборавиш дека Бог те создал. Што треба да ти значи тоа? Значи дека еден ден ќе мора да Му одговориш за сè што си кажал, направил и помислил. Значи дека треба да Го љубиш и да си Му послушен Нему, твојот Создател. Можеби никогаш не си поверувал во Исус Христос како во твој Спасител. Ако е така, средбата со твојот Создател ќе биде тажна и страшна. Тоа значи дека не Го љубиш и не Го славиш. Треба да поверуваш во Него денес. Дали си подготвен да се одвратиш од твојот непослушен начин на живот и да поверуваш во Исус Христос за да ти прости? Ако го направиш тоа, ќе бидеш подготвен да се сретнеш со твојот Создател, бидејќи нема да мора да одговараш за твојот грев. Ќе почнеш да Го љубиш и да си Му послушен, онака како што треба. Ќе можеш да го славиш - да Му кажеш колку е велик и прекрасен. Немој никогаш да заборавиш дека Бог е многу велик; Тој е Создателот.

Тој го постави првиот човек во еден прекрасен дел на светот, наречен Еденска Градина. Еден значи "задоволство" - веројатно беше како огромен парк. Бог го постави човекот како одговорен над сето создание.

Што направи Бог седмиот ден? Библијата ни дава одговор на тоа прашање *(постави го кругот В7)*. Седмиот ден, Бог се одмори. Тој не се одмори затоа што беше уморен. Бог никогаш не се уморува *(Исаија 40: 28)*. Бог се одмори бидејќи беше задоволен со своето создавање и тоа беше завршено. Сè беше "многу добро".

Ако Го љубиш Господ Исус како твој Спасител, запомни да Го славиш и обожуваш Бог секојдневно. Тој е великиот Создател. Тој Го заслужува твоето славење. Тој сака да Го обожуваш. Размислувај за Неговата моќ и величина, кажи Му колку е прекрасен. Кога ќе слушнеш други приказни за тоа како започнал светот, запомни што учи Библијата. Верувај во она што Го рекол Бог.

Ако Исус Христос не е твој Спасител, не можеш вистински да Го славиш Бог, бидејќи твојот грев те одвојува од него. Ти не си подготвен да се сретнеш со твојот Создател. Тоа е голем проблем за тебе. Но, ако

во твоето срце навистина сакаш да го љубиш, слушаш и славиш твојот Создател Бог, можеш да дојдеш кај Исус денес. Ако побараш Господ Исус да ти ги прости сите лоши нешта кои си ги направил, Тој ќе те направи нова личност. "И кој е во Христос, тој е ново создание *(2. Кор. 5:17).* Ќе бидеш нова личност која може да Го љуби и слуша Бог, и ќе можеш вистински да Го прославиш твојот Создател.

## Прашања за повторување од првата лекција

1. Како се вика првата книга во Библијата? *("Постанок" или 1. Кн. Мојсеева).*
2. Каква беше земјата пред Бог да ја создаде светлината? *(Темна и празна).*
3. Кој материјал го употреби Бог за да го создаде сонцето, месечината, пленетите, итн? *(Никаков, Тој создаде сè од ништо).*
4. Што значи да се "слави" Бог? *(Од срце да Му кажеш, со зборови или песна, колку е Тој велик).*
5. Што сака да каже Библијата кога вели дека Бог ги создал растенијата "секое по својот род"? *(Секое растение ќе произведе исто такво растение).*
6. Кој ден Бог го создаде човекот? *(Шестиот ден).*
7. Која е разликата помеѓу човекот и животните? *(Човекот е создаден на слика Божја; може да измислува нови работи, може да врши вистински избор, може да Го запозне Бог и да разговара со него, има душа која живее засекогаш).*
8. Зошто Бог можеше да создава само со збор? *(Бидејќи Тој е семоќен, сесилен Бог).*
9. Што направи Бог седмиот ден? *(Се одмори).*
10. Повтори ги првите зборови запишани во Библијата. *("Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата" 1. Кн. Мојс. 1:1).*



**Втора лекција**

# ГРЕВОТ ДОЈДЕ НА СВЕТОТ

**Библиски текст:** 1. Кн. Мјос. 2:9, 15 - 3:2; 2. Кор. 11:3

**Основна вистина:** Секој од нас е грешник.

**Примена:** ***за неспасени деца:*** Одврати се од твојот грев и дојде кај Господ Исус, кој е Единствениот кој може да ти го одземе гревот.

**Почеток:** "Би сакал да немаше плевел во светот".

**Развој на настаните:** Адам им дава имиња на животните. Бог ја создаде жената.
Божјите упатства кон Адам и Ева - ЦВН,
Сатаната ја искушува Ева.
Ева вкусува од плодот и му дава на Адам - ЦВ.
Тие се плашат од Бог - ЦВ.
Се обидуваат да се сокријат.
Бог разговара со нив - ЦВН.
Бог ги казнува: змијата, Адам и Ева.
Бог им дава облека од кожа.

**Кулминација:** Бог ветува Спасител - ЦВН.

**Заклучок:** Исус Христос сака да те спаси.

**Стих за учење напамет:** "Како што гревот влезе во светот преку еден човек, а преку гревот смртта, така смртта премина на сите луѓе, бидејќи сите згрешија" Рим. 5:12 *(помалите деца ќе може да го научат стихот до местото "сите луѓе").*

## Визуелни помагала:

Употреби ги фигурите В8-В21.

## Лекција

"Посакувам во светот да немаше плевел" - мрмореше Александар додека му помагаше на татко му да му ја исплеват градината. Неодамна се преселија во друга куќа и градината беше полна со плевел, трње и бршлен.

"Имаше едно време кога немаше плевел и трње" - одговори татко му, "но тоа беше многу, многу одамна".

"Кога беше тоа?" - праша Александар.

"Тоа беше кога Адам и Ева живееја во Еденската градина. Адам никогаш не се грижеше за плевелот".

"Блазе си му на Адам" - пак промрмори Александар истовремено кубејќи еден бршлен од кој се изгреба по лицето.

**Сцена 1**

Да, светот беше многу поинакво место кога Адам живееше во Еденската градина *(постави ги дрвјата В8,В9, со фигурата В10 - Адам).* Адам со уживање се грижеше за градината. Бог му даде посебна задача. Му ги покажа сите животни, едно по едно и,...

**Сцена 2** *(отстрани ја В10 и постави ја В11, Адам со овците)*

Адам им даде имиња на животните. Бог сигурно го создал Адам многу мудар штом можел да им даде име на сите животни. Тој не требаше да се крие од тигрите или лавовите. Ниту едно животно не беше опасно. Животните не се бореа, не се убиваа ниту јадеа меѓусебе. Во совршениот свет сѐ беше мирно.

Но Адам беше осамен. Не можеше да биде вистински пријател со ниту едно од животните; тој беше поинаков. Можете ли да се сетите што беше поинакво кај него? *(Дозволи им на децата да одговорат).* Бог знаеше дека не е добро за Адам да биде сам и затоа имаше план да се погрижи за тоа.

**Сцена 3** *(Отстрани ја фигурата В11, постави ја фигурата В12 - заспаниот Адам)*

Бог му даде на Адам длабок сон. Додека Адам спиеше, погоди што направи Бог. Зеде од него едно негово ребро и Го затвори местото од каде што го зеде. Но што сакаше Бог да направи со тоа ребро? Направи нешто многу прекрасно, што само Бог може да го направи. Од реброто Тој направи уште една личност - жената.

**Сцена 4** *(Отстрани ја фигурата В12, постави ја фигурата В13 и В14, Адам и Ева)*

Какво изненадување за Адам откако се разбуди! Таа стоеше пред него - прекрасна жена. Бог му ја даде на Адам да биде негова сопруга. Колку прекрасен подарок за Адам! Тој веќе не беше сам. Имаше некој со кој можеше да разговара и кој можеше да го сака. Тој на жена си ѝ даде име - Ева.

**Сцена 5** *(отстрани ја фигурата В13, постави ја фигурата В10)*

Уште пред Бог да ја создаде Ева, Му кажа на Адам: "Ти ги давам дрвјата во градината за храна. Можеш да јадеш од сите нив, освен од едно. Не смееш да јадеш од дрвото на познавањето на доброто и злото." Имаше многу дрвја од кои Адам и Ева можеа да се насладуваат, но мораа да запомнат едно правило: "Да не јадете од дрвото на познавањето на доброто и злото - ако јадете, сигурно ќе умрете." Бог ги создаде. Тој знаеше што беше најдобро за нив. Тој имаше право да им каже на Адам и Ева што смеат, а што не смеат да прават. Може ли некој да ми каже за нештата кои Бог заповедал да не ги правиме? Не посакувај туѓо, не кради, не лажи. Овие се Божји правила. За нив

читаме во Библијата. Нема никој овде на ова собирање кој им бил послушен на Божјите парвила секој ден од денот кога се родил. Јас сум бил непослушен кон Бог, а исто и ти. Непослушноста Бог ја нарекува "грев". Библијата вели: "Сите згрешија *(Рим. 3:23)*. Во твоето срце знаеш дека тоа е вистина - знаеш дека си Му бил непослушен на Бог. Адам и Ева во тоа време не знаеја што значи да грешиш.

Имаше еден во Божјиот свет кој беше решен да ги натера да згрешат. Тој го мразеше Бог и сакаше да го расипе Божјиот свет. Тој сакаше Адам и Ева да бидат лоши, а не добри. Тоа беше сатаната, големиот Божји непријател. Порано тој беше ангел на небото, но не остана чист и добар. Се побуни против Бог и за казна, Бог го исфрли од небото. Тој беше моќен непријател. Но не беше толку моќен како Бог. Сатаната, кој го нарекуваме и ѓавол, знаеше дека ако успее да ги натера Адам и Ева да не го послушаат Бог и тие нема да можат да живеат заедно со Него. Токму тоа го сакаше сатаната, и затоа се одлучи да ги измами и да ги натера да не го послушаат нивниот Создател и Владетел. Имаше многу лукав план. Влезе во едно од најубавите животни, змијата, за да разговара со Ева додека таа се шеташе низ дрвјата во градината. *(Отстрани го Адам, фигурата B10, и Ева, фигурата B14, постави ја Ева и змијата B15 и B16).*

"Дали Бог навистина ви кажа да не јадете од ниту едно од овие дрвја?" - праша змијата. Дали Бог кажа така? Не, сатаната се обидуваше да ја измами Ева да поверува дека Бог не им дозволил да јадат плодови од многу дрвја. А Бог им дозволи да јадат плодови од сите дрвја, освен од едно. Тој беше многу љубезен и дарежлив кон нив.

"Ние смееме да јадеме од плодовите на сите дрвја, освен плодовите од дрвото кое е среде градината. Бог кажа: "Да не јадете од него, ниту да се допирате до него, инаку сигурно ќе умрете." - одговори Ева.

Сатаната, користејќи ја змијата, сакаше Ева да почне да се сомнева во Божјите зборови. "Не, сигурно нема да умрете. Бог знае дека, откако ќе јадете од дрвото ќе станете како Него, ќе го знаете доброто и злото. "-аволот сакаше Ева да почне да мисли дека Бог се обидува да ја измами и да не ѝ го даде најдоброто во животот. Без да размислува, Ева го послуша. Се приближи до дрвото и погледна на плодовите. Изгледаа убави... навистина вкусни. Таа си мислеше дека би било убаво и мудро да се познава злото, исто како и доброто. Ја протегна својата рака, го допре плодот и го скина од дрвото (постави ја фигурата B17 во раката на Ева). Тогаш вкуси. Го повика маж ѝ *(отстрани ја змијата, постави ја фигурата B10, Адам),* па и него му даде од плодот и тој касна. Колку беше лошо од нивна страна да не го послушаат Бог кој ги создал, кој ги љубеше и кој направи толку многу прекрасни нешта за нив. Сега тие знаеја за злото, за гревот.

Сега се плашеа да се сретнат со Бог, веќе не Го љубеа вистински. Се чувствуваа многу виновни. Сега беа грешници. Поради тоа што Адам и Ева го послушаа ѓаволот и му станаа непослушни на Бог, секој во овој свет денес е грешник. Нивниот грев се одрази врз тебе и мене. Тоа значи дека ти и јас сме родени како грешници *(Рим. 3:23, 5:18)*. Ние се раѓаме со желба да не Го слушаме Бог, а не да сме Му послушни.

Тоа е слично како кога играш фудбал со тим, *(адаптирај го примерот за твојата ситуација)* и некој од тимот е во ситуација да постигне гол. Ако даде гол, го прави тоа за целиот тим. Ако промаши, губи целиот тим. Адам е како "капитен" на нашиот тим; тој ја промаши целта со својата непослушност кон Бог, и затоа сите сме губитници. Сите ние сме непослушни и виновни, бидејќи беше и Адам. Библијата вели: "... преку еден човек влезе гревот во светот, и смртта преку гревот; и така смртта премина на сите луѓе, зашто сите згрешија" *(Рим. 5:12)*.

Откако Адам згреши, во светот се случи голема промена.

**Сцена 6** *(отстрани ги фигурите B15, Ева, B17, плодот, B10, Адам, постави ги B18 и B19, Адам и Ева со смоквини листови)*

Адам и Ева се почувствуваа засрамени. Одеднаш знаеја дека се голи и набрзина собраа смоквини листови и ги сошија како облека.

Бог ги предупреди дека сигурно ќе умрат ако не ја послушаат Неговата заповед. Се случи ли тоа? Нивните тела не умреа веднаш, иако по многу години се случи и тоа. Но во тој момент Адам и Ева навистина умреа, на поинаков начин, на пострашен начин. Пред нивната непослушност тие го познаваа Бог и Го љубеа на особен начин. Секој ден, во квечерината, Бог доаѓаше во Еденската градина. Тие секогаш со нетрпение го очекуваа тој момент. Но сега се плашеа од Него. Нивното пријателство со Бог беше уништено. Тоа Библијата го нарекува "смрт" - да се биде одвоен од Бог, а токму тоа им се случи на Адам и Ева. Тоа се случи и со секој од нас, исто така. Библијата вели: "... во Адам умреа сите" *(1. Кор. 15:22)*. Тоа значи дека ти и јас сме исто така одвоени од Бог. Ако продолжиш по твојот грешен пат, никогаш нема да живееш со Бог, туку засекогаш ќе бидеш одвоен од Него. Ова е најстрашното нешто што може да му се случи на некој. Колку е тажно што гревот дојде во нашиот свет!

Адам и Ева беа уплашени; се обидоа да се скријат од Бог - но никој не може да го стори тоа! Бог точно знаеше што се случи и каде беа тие. Тој дојде да разговара со нив. "Адам, каде си?" - праша Тој. Адам одговори: "Го слушнав Твојот глас во градината и се уплашив бидејќи сум гол, и се сокрив". Тогаш Бог рече: "Од каде знаеш дека си гол? Дали јадеше од плодот на дрвото од кое ти заповедав да не јадеш?"

Адам, кој сега беше веќе лош, а не добар, почна да ја обвинува својата жена. Тој рече. "Жената која Ти ми ја даде, таа ми даде од плодот на дрвото и јас јадов". Тогаш Бог ѝ се обрати на Ева: "Што направи?" Ева се обиде да ја обвини змијата: "Виновна беше змијата - таа ме убеди и јас зедов од плодот".

И ние може да бидеме како нив, зарем не? Се обидуваме за нашиот грев да обвиниме други. Ќе речеш: "Виновна е сестра ми, таа започна со кавгата", или, "Не излажав, само се преправав". Бог знае кој е виновен. Кога ти си непослушен, ти си виновен! Тој

сака ти да си подготвен да кажеш: "Боже, згрешив, вината е моја." Адам и Ева не сакаа да признаат пред Бог, но Тој знаеше сè што беа направиле. Тој им кажа што ќе се случи како резултат на нивниот грев.

Прво, Бог ѝ се обрати на змијата. "Заради ова што го направи ќе бидеш проклета помеѓу животните на земјата. Секогаш ќе се влечкаш по стомак, и целиот живот ќе јадеш прав". Ова прекрасно сјајно животно веќе немаше да биде привлечно. Наместо тоа, луѓето ќе ја мразат и ќе се плашат од неа. Од тој ден, сите змии ползат по земјата.

Тогаш Бог ѝ проговори на Ева: "Ти многу ќе страдаш", рече Тој, "особено кога ќе раѓаш. И твојот маж ќе владее над тебе". И така болеста, слабоста и болката за прв пат дојдоа во светот.

Бог му кажа на Аврам дека од тој момент ќе мора напорно да работи за да има доволно храна. Трње, плевел и бршлен ќе почнат да растат насекаде, отежнувајќи им на посевите да растат. Адам ќе работи, и работи, честопати потејќи се. Тогаш ќе умре и телото ќе му стане прав.

Тогаш Бог го извади Адам и Ева од прекрасната Еденска градина. Постави небесно сушетство, херувим, и огнен меч кој блескаше на влезот за никогаш, никогаш да не можат да се вратат назад. Свршија совршените, среќни денови, бидејќи Адам и Ева не Го послушаа својот Создател и Владетел.

Облеката од смоквини лисје не беше многу добра. Бог им даде многу подобра облека направена од животинска кожа *(отстрани ги фигурите B18 и B19. Постави ги фигурите B20 и 21, Адам и Ева)*. Животните требаше да бидат убиени за Адам и Ева да се облечат. Веројатно Бог уште тогаш сакаше да им покаже дека простување може да се добие само преку смртта и пролевањето крв.

Бог исто така даде прекрасно ветување. Бог вети дека еден ден ќе испрати Некој кој ќе ја уништи моќта на сатаната. Некој ќе дојде за да ги спаси грешниците од нивниот грев. Некој ќе дојде Кој може да нè врати назад кај Бог. Тебе и мене ни е многу потребен тој "Некој", зарем не? Бог го исполни Своето ветување и илјадници години подоцна ја испрати таа Личност, Својот единствен Син, Господ Исус Христос. Исус Христос никогаш не Му беше непослушен на Бог. Тој не беше грешник. А сепак, Бог го казни Својот мил Син за нашата непослушност. Исус Христос беше закован на крст и таму ја зеде казната која ја заслужуваме ние. Тој ја пролеа Својата крв и умре за нашите гревови, но исто така и воскресна од мртвите и со тоа покажа дека Тој ја уништи моќта на сатаната. Тој е Единствениот кој може да те врати назад кај Бог, за да не бидеш веќе одвоен од Него. Исус Христос е Единствениот кој може да те спаси од твојата непослушност. Тој може да ти помогне да си Му послушен на Бог, наместо да си Му непослушен. Но мора да веруваш дека Господ Исус може да го направи тоа. Библијата вели: Кој верува... поминал од смрт во живот" *(Јован 5:24)*. Ако ти е навистина жал за твојата непослушност и веќе не сакаш да бидеш одвоен од Бог, уште сега дојди кај Господ Исус. Кажи Му, таму каде што седиш, *(не мора да го кажеш тоа гласно)*, дека ти е жал. Благодари Му за тоа што беше казнет за твојот грев. Кажи Му дека сакаш Тој да стане твој Спасител. Побарај од Него да ти помогне да Му бидеш послушен на Бог. Прекрасно нешто е кога Господ Исус ќе спаси некое момче или девојче. Тој сака да го направи тоа за тебе.

## Прашања и повторување за втората лекција

1. Кога во светот немаше трње, плевел и бршлен? *(Кога Адам и Ева живееја во Еденската градина и кога немаше грев)*.
2. Како ја создаде Бог првата жена? *(Од реброто на Адам)*.
3. Што се случуваше секоја вечер во Еденската градина? *(Секоја вечер Бог доаѓаше во градината за да разговара со нив)*.
4. Зошто беше правилно Бог на Адам и Ева да им даде правила? *(Бидејќи Тој ги создаде)*.
5. Кој се труди да го расипе она што Бог го создал? *(Сатаната, ѓаволот)*.
6. Кое животно го употреби Сатаната? *(Змијата)*.
7. Што значи за нас тоа дека Адам згреши? *(Значи дека секој од нас денес се раѓа грешен)*.
8. Зошто е гревот толкав проблем за сите нас? *(Затоа што нè одвојува од Бог, нашиот Создател)*.
9. Кое прекрасно ветување им го даде Бог на Адам и Ева? *(Им вети дека еден ден ќе испрати Некој кој ќе ја уништи моќта на сатаната. Некој кој ќе ги спаси грешниците од нивниот грев, Некој кој ќе може да нà врати назад кај Бог)*.
10. Што се обидоа Адам и Ева да направат откако не го послушаа Бог? *(Се обидоа да се сокријат од Него)*.
11. Кажи некои промени кои се случија како резултат на гревот? *(Одвојување од Бог; обвинување на другите за нашата непослушност; ползењето по земја на змијата; болести; слабост и болки кои дојдоа на светот; смртта дојде на светот; животните почнаа да растат насекаде; Адам и Ева веќе не можеа да живеат во Еденската градина)*.
12. Зошто Адам и Ева не можеа да се вратат во Еденската градина? *(Затоа што имаше херувим и огнен меч кои го чуваа влезот)*.



### Трета лекција

# ПРВИТЕ ДЕЦА

| | |
|---|---|
| **Библиски текст:** | 1. Кн. Мојс. 4:1; Евр. 11:4 |
| **Основна вистина:** | Кај Бог можеш да дојдеш само на Негов начин. |
| **Примена:** | ***за неспасени деца:*** мора да поверуваш во Исус Христос како во твој Спасител. Тој е единствениот пат кон Бог.<br>***За спасените:*** благодари Му на Бог дека си поверувал во Христос, Божјиот Пат. |
| **Почеток:** | Раѓањето на првото дете. |
| **Развој на настаните:** | Се раѓа Абел<br>Децата растат - ЦВ.<br>Каин станува земјоделец.<br>Абел станува пастир.<br>Абел Му принесува жртва на Бог - ЦВН/ЦВС.<br>Каин Му принесува жртва на Бог - ЦВН.<br>Бог го прифаќа Абел и неговиот принос - ЦВН.<br>Бог го отфрла Каин и неговиот принос - ЦВН.<br>Каин е љубоморен и налутен.<br>Бог му дава на Каин уште една прилика - ЦВН. |
| **Кулминација:** | Каин го убива Абел.<br>Бог зборува со Каин. |
| **Заклучок:** | Каин си оди од присуството на Бог - ЦВН. |
| **Стих за учење напамет:** | Повторете го стихот Рим. 5:12.<br>Ако оваа лекција ја користиш како посебна лекција, предлагаме да го поучуваш Јован 14:6, каде што Господ Исус вели: "Никој не доаѓа кај Таткото, освен преку Мене". |

## Визуелни помагала:

Употреби ги фигурите В20-В31.

## Лекција

**Сцена 1** *(постави го Адам, фигурата В20, и Ева, фигурата В21)*

Адам и Ева со радост гледаа на нивното машко бебе. Тоа беше првото бебе кое се роди на овој свет. Сигурно Адам и Ева со љубопитство ги разгледуваа малечките прсти, раце и нозе. "Ќе го наречеме Каин" - рече Ева, и Адам се согласи.

Нешто подоцна им се роди и второ дете. Го нарекоа Абел. Адам и Ева се радуваа кога гледаа како Каин и Абел растат... како учат да одат... да зборуваат. Кога момчињата пораснаа, сигурно прашуваа: "Раскажете ни за Еденската градина". *(Нека децата се ставаат во улогите на Адам и Ева и нека ти кажат што би им раскажале на момчињата. Вклучете ја убавината на местото, пријателството со Бог, лесниот живот, немањето трње и плевел, непостоењето на смртта, херубимот на влезот).*

"Зарем Бог не нè љуби и сега?" - можеби прашаа момчињата. Можеме да претпоставиме дека Адам и Ева им објаснија: "Да, нè љуби, иако не го заслужуваме тоа. Бог е добар кон нас. Ни покажа начин како може да ни се прости. Кога ни е жал за нашите гревови и кога ќе убиеме животно, кога ќе истече неговата крв, тогаш Бог ни простува. Важно е да го запомните тоа." Илјадници години пред Господ Исус да дојде, Бог го покажа единствениот пат да се дојде кај Него. Животното кое умираше беше слика на она што требаше да го направи Божјиот Син. Ние не можеме да се доближиме до Бог поради нашиот грев. Но Исус Христос, Божјиот Син, немаше грев. Тој дојде од небото. Живееше совршен живот и тогаш умре на крст на местото на грешниците како тебе и мене. Неговата скапоцена крв се пролеа за да го отстрани нашиот грев. Денес Тој не е мртов - затоа што воскресна од мртвите. Тој е единствениот кој може да те врати назад кај Бог. Тоа е Божјиот начин и не постои друг. Многу е важно да го запомниш ова, исто како што беше важно за Каин и Абел да запомнат за животинските жртви.

Каин и Абел никогаш не одеа на училиште. Нивните родители ги поучуваа. Тие научија да ја обработуваат земјата. Научија да работат. Помагаа во корнењето на плевелот и многу пати беа уморни и им беше жешко уште долго пред да се заврши работата.

Но Адам и Ева не требаше да ги поучуваат децата како да се караат и да се непослушни. Правеа лоши нешта без некој да ги поучува за тоа, затоа што беа родени грешници, кои повеќе сакаа да му се непослушни на бог, отколку да Го слушаат. Така е и со тебе и мене. Лесно ти е да излажеш за да се извлечеш од неволја. Лесно е да му мислиш лошо на твојот наставник. Многу брзо можеш да се налутиш и да се развикаш. Овие погрешни работи, кои Библијата ги нарекува грев, те одвојуваат од Бог. Мора да добиеш прошка за тој грев, инаку никогаш нема да можеш да живееш со Него. Бог е тој кој одлучува како грешникот може да дојде кај Него. Ти и јас мора да дојдеме кај Него на Негов начин. Тоа беше вистина и за Каин и Абел.

**Сцена 2** *(Постави го Каин, фигура В23)*

Додека момчињата растеа, Каин со радост учеше како да одгледува нешта... растенија, зеленчук, цвеќиња, овошки. Корнеше плевел и напорно работеше за да добие добра жетва. Сакаше да ја допира меката земја кога ја обработуваше, кога садеше, полеваше, рамнеше. Тој се гордееше со прекрасните растенија, овошки и вкусна храна што ја произведуваше. Библијата ни кажува: "Каин беше земјоделец." *(Додај го Абел, фигурата В24).*

Абел повеќе ги сакаше животните, отколку растенијата и дрвјата. Особено ги сакаше овците и јагнињата. Ги заштитуваше од опасности. Ги водеше каде што имаше храна и вода. Библијата ни вели:

"Абел беше пастир".

Но, како што веќе видовме, овие две момчиња беа грешни. Почнаа да размислуваат за тоа каков е нивниот однос со Бог. Нивниот грев ги држеше одвоени од Бог. Требаше нешто да се стори за тоа. Од Адам и Ева тие го научија единствениот начин како може да се дојде до Бог и да им биде простено. Тој начин беше преку смртта на животно наместо нив, кога крвта на животното ќе се пролие, бидејќи: "... без пролевање на крв нема простување" *(Евр.9:22)*. Тоа беше Божјиот начин.

Ќе направат ли така? Абел отиде кај своите овци и внимателно ги разгледа. Го одбра најубавото животно, го уби и дозволи да истече крвта *(постави го олтарот без оган, фигурата В22)*. Кога го направи тоа, веруваше дека Бог ќе му го прости неговиот грев. Во Библијата пишува дека тој веруваше во Бог *(Евр. 11:4)*. Тој дојде кај Бог на начин определен од Бог.

Колку мудро! Бог сака и тебе да ти каже дека и ти мора да дојдеш кај Него и на Негов начин. Денес Неговиот начин не е преку убивање животно. Божјиот пат за тебе е да дојдеш преку Исус Христос. Тој во Библијата е наречен "Јагне Божјо". Бог го даде својот Единствен Син да биде последната жртва засекогаш. Исус Христос умре на крстот за гревот. Неговата скапоцена крв беше дадена за наше простување. Мора да си подготвен да се одвратиш од твојот грев, да поверуваш дека Исус Христос беше жртвата за твојот грев и да побараш од Него да ти прости. Тоа е единствениот пат кон Бог. Ако си дошол кај Бог преку Господ Исус, треба секој ден да Му благодариш што ти се простени гревовите и дека Му припаѓаш. Ако не дојдеш на Божјиот начин, не можеш никако да дојдеш кај Бог. Абел дојде кај Бог на Негов начин. Ќе го направи ли тоа и брат му?

Каин погледна на нештата што ги беше одгледал, овошјето и зеленчукот со кои се гордееше. Можеби помисли: "Нема ништо подобро од ова. Сигурен сум дека Бог ќе биде задоволен. Сигурен сум дека ќе ме прими. Ова што го правам е многу добро." *(Отстрани го Каин, фигурата В23, замени ја со Каин, фигура В28, постави го олтарот, фигурата В27)* Но ова не беше начинот кој Бог го кажа.

Можеби и ти си како Каин - имаш свои идеи за тоа како Бог може да те прими и да ти прости. Можеби си мислиш: "Се обидувам да бидам добар, а и подобар сум од оние околу мене на училиште." Без разлика колку си добар, сè уште си грешен. Обидите да бидеш добар никогаш нема да те оправдаат пред Бог. Тоа не е Неговиот начин, тој е само преку Исус Христос.

Можеби мислиш: "Кажувам молитви, одам на црква, дури земам и причест." Овие нешта сами по себе нема да те доведат до Бог. Патот до Бог е преку Исус Христос.

Или можеби некој ти рекол: "Сè уште си мал, Бог нема да те избрка од небото." Библијата вели дека од раѓање ти си Божји противник *(Рим. 3:23, 5:18)*. Ти не си многу стар, но и ти мора да дојдеш на Божји начин, преку Исус Христос.

Се обидуваш ли да дојдеш кај Бог на твој начин, наместо на Божјиот - исто како Каин?

Што ќе помислеше Бог за приносите на Каин и Абел? Бог јасно кажа што мисли. Библијата вели дека Бог го прифати Абел и неговиот принос -животното. Бог му прости на Абел. Колку тој беше благодарен и среќен. И ти можеш да бидеш како него - да ти биде простено и Бог да те прими. Мора да поверуваш дека Исус Христос крвареше и умре како жртва за твојот грев, мора да се надеваш на Него, Тој да ти прости. Ако го направиш тоа, Бог ќе те прифати, ти ќе бидеш оправдан пред Него. Можеби си велиш: "Да, го сакам тоа, но не знам како да го направам." Ако е така, ќе ми биде драго на крајот од програмата од Библијата да ти објаснам повеќе за тоа. Остани на местото каде што си *(или одреди некое друго)*, откако другите ќе си заминат и јас ќе знам дека ти сакаш да разговараш со мене за тоа како можеш да се оправдаш пред Бог, исто како Абел.

Каин, за жал, не беше ниту среќен, ниту благодарен. Бог јасно кажа дека не го прифаќа Каин, ниту неговиот принос. Неговиот принос не беше она што Бог го заповеда. Срцето на Каин и неговиот живот беа полни со грев и тој не сакаше да се одврати од него. Не сакаше да дојде кај Бог на Божји начин. Колку е тажно ако си ти како Каин. Се обидуваш да си добар, се молиш и одиш на црква. Но не се надеваш само на Господ Исус да ти прости. Биди сигурен дека Бог нема да те прифати, бидејќи мора да дојдеш на негов начин. Бог нема да се предомисли во тоа. Тој секогаш го мисли она што Го зборува. Затоа го отфрли Каин и неговиот принос. Каин почна да му љубомори на својот брат, му се налути и на Бог. На лицето имаше темна насмевка.

"Каин зошто се лутиш?" - праша Бог. "Зошто изгледаш толку налутено? Ако го направиш она што е правилно, ќе те прифатам. Сега, гревот дебне покрај тебе како диво животно спремно да те фати. По кој пат ќе тргнеш?" Бог на Каин му даваше уште една можност. Колку е Тој милостив! По кој пат ќе тргне Каин - по својот, или по Божјиот? За жал, Каин го задржа намрштеното лице и љубомората во срцето. Тој одби да принесе животинска жртва. Тој немаше вера во Бог.

Има ли денес помеѓу нас некое момче или девојче на кое Бог повторно му зборува? Ти си спомнуваш за времето кога знаеше дека мора да дојдеш кај Исус Христос и да Му се довериш Тој да го земе твојот грев. Но не го направи тоа. Денес е истото. Длабоко во срцето знаеш дека мора да поверуваш во Исус Христос, дека Тој е единствениот пат кон Бог. Бог е љубезен кон тебе, иако ти не го заслужуваш тоа. Поверувај во Исус Христос, направи го тоа денес. Библијата вели: "Денес е денот на спасението" *(2. Кор. 6:2)*. Немој да бидеш како Каин кој ја одби Божјата љубезност.

**Сцена 3** *(Отстрани ги сите фигури, постави го Каин, фигурата В23 и Абел, фигурата В24)*

Минаа денови. Браќата продолжија со својата работа, но Каин беше решен да му се освети на брат му. Еден ден тие беа заедно во полето и Каин направи нешто страшно - го уби својот брат. Трес! Телото на

Абел падна на земјата и почна да тече крв од која земјата поцрвене *(отстрани го Абел, фигурата B24 и постави ја фигурата B30, но само за момент)*. Можеби Каин помисли: "Сега сме сами. Никој не виде што направив". Но се лажеше. Бог виде, и Бог проговори.

**Сцена 4** *(Постави го каин, фигурата B28 и фигурата B31, зборот Бог)*

"Каин, каде е брат ти Абел?"

"Не знам каде е", излажа Каин. "Зарем јас морам да се грижам за него?"

Се разбира, Бог знаеше што се случи, но уште еднаш му даваше на Каин можност да го признае својот грев и да се одврати од него. Но Каин не ја сакаше Божјата љубезност, не сакаше да дојде кај Бог на Божји начин. Бог пак проговори: "Каин, што направи? Крвта на брат ти вика кон мене од земјата. Земјата која ја впи неговата крв веќе нема да ти биде пријател. Веќе никогаш нема да може да одгледуваш прекрасни овошки и зеленчук. Отсега сета твоја тешка работа ќе ти носи мала жетва и малку плодови. Нема да имаш постојано место за живеење, ќе бидеш талкач." Дали Каин ја заслужи казната? Да! Божјиот суд е секогаш праведен. Ако одбиеш да дојдеш кај Бог на Негов начин, тогаш и ти треба да бидеш казнет за твојот грев. Бог ќе мора засекогаш да те отфрли од Себе. Зарем не гледаш колку е важно да ти биде простено на начин на кој Бог вели дека треба, и да дојдеш кај Него на негов начин?

Каин, безумно, одби. Кога слушна што ќе му се случи, се уплаши и почна самиот да се сожалуав. "Мојата казна е преголема", почна да се жали. "Кога ќе талкам по земјата и кога другите луѓе ќе ме препознаат, ќе ме убијат".

"Ќе те заштитам од тоа" - рече Бог. "Ќе ти ставам белег, така што луѓето ќе знаат дека ти си Каин. Ќе им кажам, исто така, дека ако те убијат, јас страшно ќе ги казнам". Бог сè уште покажуваше љубов кон Каин. Но, следните зборови во Библијата се многу тажни зборови: "И Каин си замина од присутноста Господова" *(отстрани го Каин, фигурата B28)*. Тој ги напушти и татко му и мајка му и замина во далечна земја наречена Нод. Таму живееше осамен живот. Дали направи добар избор? Не, одби да дојде кај Бог на Божји начин и, иако далеку од луѓето, остана полн со грев.

Немој да бидеш како него! Ако си се обидувал да дојдеш кај Бог на други начини, отстрани се од нив. Поверувај во Исус Христос. Таму каде што седиш, не мора да го кажеш тоа гласно, но кажи Му: "Господи Исусе, Ти си патот кон Бог. Јас знам дека Ти се жртвува Себеси на крстот за мојот грев. Те молам прости ми и направи ме праведен пред Бог." Тоа е Божјиот начин. Ќе ти биде простено и Бог ќе те прими, исто како и Абел.

## Прашања за повторување за третата лекција

1. Како се викаше детето кое прво се роди на оваа земја? *(Каин)*.
2. Кој син беше пастир, а кој земјоделец? *(Абел беше пастир, а Каин земјоделец)*.
3. Зошто Каин и Абел требаше да принесат жртва? *(Затоа што во нивните животи имаше грев-затоа што беа грешници)*.
4. На што беше слика смртта на јагнето? *(На смртта на Господ Исус)*.
5. Како можеш ти да бидеш како Каин? *(Да се обидувам да дојдам кај Бог на свој начин - да се трудам да сум добар, и сл)*.
6. Како можеш да бидеш како Абел? *(Да се дојде кај Бог на Негов начин; да верувам дека Господ Исус умре за мојот грев и да Го замолам да ми прости)*.
7. Кој син беше прифатен од Бог? *(Абел - тој му поверува на Бог)*.
8. Како се чувствуваше Каин поради ова? *(Многу се налути)*.
9. Што му направи Каин на својот брат? *(Го уби)*.
10. Како Бог го казни Каин? *(Неговите напори ќе даваат мала жетва, тој ќе биде талкач)*.



### Четврта лекција

# СЛЕДЕЊЕ НА БОГ (ЕНОХ)

**Библиски текст:** 1. Кн. Мојс. 4:16-22, 25-26, 5:1-29; Евреите 11:5

**Основна вистина:** Ти можеш да Го запознаеш Бог.

**Примена:** ***за неспасени деца:*** Можеш да Го запознаеш преку Исус Христос.
***за спасени деца:*** запознај Го подобро.

**Почеток:** Филип и филмската ѕвезда.

**Развој на настаните:** Потомците на Каин се умни.
Тие не Го познаваат Бог - ЦВ.
Раѓањето на Сет.
Раѓањето на Енох.
Енох Го познава Бог - ЦВН.
- да се запознае Бог преку разговор - ЦВС.
- да се запознае Бог преку слушање - ЦВС.
- да се запознае Бог преку поминување време со него - ЦВС.
- да се запознае Бог преку послушност кон Него - ЦВС.

**Заклучок и кулминација:** Енох е однесен на небото - ЦВС / ЦВН.

**Стих за учење напамет:** "А ова е вечен живот: да те познаат Тебе, единствениот вистинит Бог, и Исус Христос, Кого Го испрати" Јован 17:3.

## Визуелни помагала:

Направи облаци кои ќе ги распрснеш по фланелографот, како што ти е покажано на цртежот. Промени ги зборовите на фигурите В37-40, со тоа што врз нив ќе залепиш парчиња хартија со следните зборови: РАЗГОВОР (В37), СЛУШАЊЕ (В38), ПОМИНУВАЊЕ ВРЕМЕ (В39), ПОСЛУШНОСТ (В40). Натписот В41 нема да биде употребен во оваа лекција.

## Подготовка за учество на учениците:

Одбери две деца кои се блиски пријатели и неколку дена пред состанокот подготви со нив дијалог. Не мора да е како што е напишан во текстот, туку прилагоди го така што ќе го опише нивното пријателство.

## Лекција

Филип навистина сакаше да добие автограм од него, бидејќи глумеше во неговиот омилен филм *(можеш да употребиш и име и пејач / пејачка за да ти одговара на ситуацијата).* Таа личност требаше да присуствува на пуштањето во употреба на нов оддел во болницата. Многу рано тој ден, Филип отиде таму за да заземе добро место. Најпосле, пристигна и ѕвездата. Филип одвај чекаше прилика да побара од него автограм. "Сега тој не разговара со никој, сега ми е шансата", си помисли Филип. Неговото срце тупкаше од возбуда кога му се приближи на славниот човек. "Ќе ве молам, господине, ќе сакате ли да ми дадете автограм?" - учтиво праша тој.

"Се разбира" - одговори ѕвездата. "А, како ти е името?" Филип му кажа, а човекот дури си најде време и да поразговара со него. Тој му кажа на Филип за неговото семејство, дека има модел на железница, дека ги сака златните рипки. И тогаш кажа: "Слушај Филип, идната сабота водам со мене група деца во студиото, за да им покажам како изгледа. Ќе сакаш ли да дојдеш и ти?" Филип не можеше да поверува дека човекот навистина му даде билет за таа специјална посета. Таа ноќ одвај заспа. Убаво беше да се добие автограм, но да се разговара со него беше многу подобро. И се радуваше, бидејќи следната сабота ќе го види повторно! Да, многу е возбудливо да се сретне некој толку славен. Уште попрекрасно е да се запознае Некој кој е повелик од било која друга ѕвезда. Господ Бог сака ти да Го запознаеш. Тој, Создателот на сè те создал така што ти можеш да Го запознаеш. Адам и Ева го познаваа Бог во Еденската градина на особен начин. Тој разговараше со нив. Тие разговараа со него. Тој беше нивниот Бог и Пријател. Иако Бог е Дух и нема тело, Тој е Личност. Тој размислува, чувствува, зборува. Тој е Некој кој можеш да Го запознаеш.

Беше тажно што Адам и Ева го изгубија тоа специјално пријателство со Бог. Сега во светот имаше многу тага. Колку ли само беа Адам и Ева тажни кога беше убиен нивниот син Абел. Колку ли само беа тажни кога налутениот Каин и неговата жена си заминаа од кај нив.

**Сцена 1** *(постави го Каин, В23)*

Каин и неговата жена во земјата Нод имаа деца, и тие имаа деца, и така натаму. Веројатно многу од тие луѓе беа како Каин и не сакаа да Го љубат и да му веруваат на Бог. Но мнозина од нив беа многу умни. Еден од нив беше прввиот човек кој направи музички инструменти. Правеше нешта како што се флејтата и харфата. И за прв пат се слушна музика. Друг откри како да ги загрева железото и бакарот за да омекнат. Тогаш можеше да ги исчука и направи во облик на ножеви, мечови и плугови. Колкава голема промена донесоа овие пронајдоци. Но овие умни луѓе не Го познаваа Бог. Да се биде умен не е доволно за да се запознае Бог. Библијата ни вели дека: "... светот со својот разум не Го запозна Бог" *(1. Кор. 1:21).* Бог сам им се открива на луѓето. Тој им помага да разберат што има напишано за Него во Библијата. Тој им помага на луѓето да Го запознаат. Добро е да се запомни тоа, бидејќи тоа значи дека ти не мора да чекаш додека не научиш доволно на училиште. Всушност, Библијата ни вели дека Бог често им се открива на децата. Тој сака ти да го запознаеш. Тој сака навистина да биде во твојот живот. Исто како што сакаше и семејството

на Адам да Го запознае *(отстрани го Каин, фигурата В23).*

**Сцена 2**

Бог на Адам и Ева им даде и друго машко дете, наместо Абел *(постави го бебето Сет, фигурата В32).* Му го дадоа името Сет. Кога Сет порасна, тој и неговото семејство сакаа да Го познаваат Бог и да Му бидат послушни на Господ Бог. На Бог Му беше по волја да им помогне да Го запознаат. Адам и Ева можеа на своите внуци и правнуци, и пра-правнуци, дури и пра-пра-правнуци да им го кажуваат нештата кои ги знаеја за Бог. Ќе си речеш: ама многу "пра" - многу наследници!

Слушни го ова. Пред да умре, Адам имаше пра-пра-пра-пра-пра-правнуци *(изброј на прсти до 6).* Кога умре, Адам имаше 930 години, речиси 1000 години! Во тоа време луѓето живееја многу подолго отколку денес. Не знаеме зошто. Можеби затоа што светот беше многу поздраво место за живеење и луѓето беа поздрави. Можеби Бог го дозволи тоа за постарите луѓе да можат да ги поучуваат помладите. Тие учеа од уста на уста - немаше книги.

**Сцена 3** *(постави го Адам и младиот Енох, фигурите В33 и В34)*

Адам имаше пра-пра-пра-пра-правнук кој се викаше Енох. Сигурен сум дека тој го поучуваше Енох за многу нешта. Ние во Библијата навистина не читаме многу за Енох, но сè што е запишано за него е добро.

Енох сигурно научил за Бог од другите - не од Библијата, затоа што тогаш немаа Библија. Тој научи за гревот, дека и тој е грешник, дека му треба простување. Тој дозна дека Бог вети да испрати Спасител, Оној кој ќе го земе гревот и ќе ја скрши моќта на сатаната. Енох не само што ги знаеше овие работи, туку и поверува во Бог. Тој веруваше дека еден ден Бог ќе испрати Спасител и се надеваше на Бог, тој да му ги прости гревовите. Тој не само што знаеше за Бог, туку и Го запозна. Има голема разлика помеѓу тоа да знаеш за некој и да го познаваш. Филип, кој го спомнавме на почетокот, знаеше многу за ТВ ѕвездата. Но колку беше поинаку откако го запозна и откако поразговара со него! Дури тогаш го запозна лично.

Можеби ти знаеш многу за Бог. Можеш да одговориш на прашањата кога имаме квиз. Но, никогаш не си се оттарасил од гревот во твојот живот кој те држи далеку од Бог. Затоа Бог не е во твојот живот. Ти знаеш за Него, но лично не си Го запознал. Треба да дојдеш кај Исус Христос, Спасителот, кој дојде како што Бог вети. Тој умре за гревот, тој ја скрши моќта на сатаната. Тој денес може да ти прости. Тогаш ќе почнеш да Го запознаваш Бог. Тој рече: "Никој не доаѓа кај таткото, освен преку Мене" *(Јован 14:6).* Преку Исус Христос можеш да Го запознаеш Бог. Можеби не го разбираш ова, а навистина сакаш да Го запознаеш Бог. Ако е така, ќе ми биде мило да поразговарам со тебе откако ќе заврши состанокот. Само дојди и седни тука напред *(или одреди друго погодно место)* и јас ќе знам дека ти сакаш со мене да разговараш за ова. Прекрасно е кога Бог е стварен во твојот живот и ти навистина Го познаваш, исто како Енох.

**Сцена 4** *(отстрани го младиот Енох, фигурата В33 и постави го Енох, фигурата В35).*

Кога Енох порасна, се ожени. Кога имаше 65 години, него и жена му им се роди момчето кое го нарекоа Метуселах. Кога гледаа како нивното дете расте, сигурен сум дека никогаш не помислија дека тој ќе биде најстарата личност спомната во Библијата. Тој умре на возраст од 969 години! А сепак, умре пред неговиот татко Енох! Еве една гатанка. Како може Метуселах да биде најстариот човек кој се спомнува во Библијата, а сепак да умре пред својот татко? Одговорот ќе го најдеме на крајот од лекцијата. А ако го знаеш одговорот, чувај ја тајната сè до крајот.

Метуселах беше поинаков бидејќи живееше многу долго. Енох, татко му, беше посебен заради друга причина. Библијата вели дека "Енох одеше со Бог". Што значи тоа? *(Дозволи им на децата да одговорат).* Кога одиш заедно со некој, вие заедно зборувате и слушате што вели другиот, сето време сте заедно. Така беше и со Бог и Енох. Енох многу добро го познаваше Бог.

Бог сака и ти да Го запознаеш. Ако си поверувал во Исус Христос како во Спасител, тоа е почетокот на твоето запознавање на Бог. Како минува времето, треба да Го запознаваш сè подобро.

**Дијалог:** подготви го однапред со две повозрасни деца. *(Не мора строго да се држиш до текстот, туку прилагоди го така што всушност ќе покаже како двете деца кои си ги избрал се запознаваат подобро).*

Сите знаеме дека Кети и Ана се добри пријателки. Тие ќе ни раскажат како се запознаа.

**Ана:** Одиме во исто училиште. Првиот ден седевме заедно и почнавме да си разговараме.

**Кети:** Ана ми кажа каде живее.

**Ана:** Кети ми кажа дека сака мечки и дека има една која се вика Бети.

**Кети:** Ана ми кажа дека има помал брат.

**Ана:** Кети ми кажа дека сака да стане медицинска сестра.

**Учителот:** Значи многу сте разговарале. Ова е еден начин да се запознае некој. Ако Го знаеш Господ Исус како твој Спасител, тогаш треба често да разговараш со Бог *(постави ја В37 со зборот РАЗГОВОР).* Тоа е еден начин за подобро да Го запознаеш. Секојдневно поминувај време со Него и кажувај Му различни работи. Можеш да Му кажеш на Бог дека Го сакаш, да Му кажеш дека мислиш дека Тој е велик, кажи Му дека ти е жал за нешто лошо кое си го направил, благодари Му за она што Го направил за тебе, или што ти Го дал, сподели ги твоите проблеми со него. Ако не разговараш со него, нема да можеш подобро да го запознаеш.

А сега Кети, да претпоставиме дека Ана цело време ми зборуваше и никогаш не те слушаше тебе. Како ќе се чувствуваше ти?

**Кети:** Воопшто немаше да ми се допадне. Таа немаше да може да ме запознае ако не ме слушаше. Но таа не само што зборува, туку и слуша.

**Учителот:** Тоа е добро. Така е и со Бог. Ако си христијанин, ќе Го запознаеш Бог подобро ако слушаш кога Тој зборува *(постави ја В38 со зборот СЛУША),* најдобар начин да се слуша Бог е секој ден да се чита по малку од Библијата. Обиди се да ја запомниш и размислувај за она што си го прочитал. Исто така, кога доаѓаш овде и слушаш кога поучувам од Библијата, Бог ќе ти зборува, а ти треба да слушаш. Ана, Кети, минувате ли време заедно?

**Ана:** Да, заедно си играме во училиштето.

**Кети:** И се посетуваме. Понекогаш дури и преспиваме заедно.

**Ана:** Се слушаме по телефон.

**Учителот:** Ако не минувате време заедно нема да бевте толу добри пријателки. Бог сака секој христијанин *(постави ја В39 ПОМИНУВАЊЕ ВРЕМЕ)* да поминува време со Него. Секој ден треба да се обидеш да имаш посебно време кога можеш да си тивок, да ја читаш Библијата и да разговараш со Бог. Некои христијани го имаат ова време пред да одат на училиште, други кога ќе се вратат дома, пред да гледаат ТВ, или да пишуваат домашно; некои пак поминуваат време со Бог пред да си легнат, навечер. Ти знаеш кое време е најдобро за тебе. Бог сака подобро да Го запознаеш, затоа најди си време кое ќе го поминеш со Него.

Енох минуваше многу време со Бог. Затоа Библијата вели дека тој "одеше со Бог". Енох исто така и го правеше она што Бог му кажа да го направи. Многу е важно да Му се биде послушен на Бог *(постави ја В40 - зборот ПОСЛУШНОСТ)* ако сакаш подобро да Го запознаеш. Не можеш да си близок со Бог ако си непослушен. Затоа, ако во Библијата прочиташ нешто што Бог не сака да го правиш, тогаш не прави го! Послушај Го Бог!

Можеш ли да се сетиш на четирите нешта што треба да ги правиш како христијанин? *(Да разговараш со Бог, да Го слушаш, да поминуваш време со Него, да си Му послушен).* Енох го правеше сето ова подолго од 300 години.

Тогаш, еден ден, неговото семејство и приајтелите не можеа да го најдат.

**Сцена 5** *(отстрани ги фигурите В37 - 40)*

Можеби почнаа да се прашуваат: "Си го видел ли Енох?" Го бараа насекаде, но не можеа да го пронајдат. Го немаше! Библијата вели: "Го немаше, зашто Бог го зеде" *(1. Кн. Мојс. 5:24). (Постави ја фигурата В42, Енох, и В43 - ангел; постави ги и облаците).* Тој не умре. Затоа можеме да кажеме дека Метуселах умре пред татко му, бидејќи Енох никогаш не умре. Ова им се случи само на двајца во Библијата - другиот беше Илија.

Сега на небото Енох Го познава Бог многу подобро отколку порано. Ако Го љубиш Господ Исус и ти ќе одиш на небото и таму ќе Го запознаеш Бог далеку подобро отколку што Го знаеш сега. Само христијаните кои ќе се живи кога Господ Исус дојде пак нема да мора да умрат. Но дури и да умреш пред тоа, твојата душа, вистинското "ти", ќе отиде на небото. Ти ќе бидеш со Бог, ќе Го знаеш низ целата вечност. Колку прекрасно!

Но ова е само за оние кои поверувале во Господ Исус како во Спасител и почнале да Го запознаваат Бог. Што е со тебе? Денес ти можеш да поверуваш во Господ Исус за да ти Го прости сиот грев и да те врати кај Бог. Денес можеш да почнеш вистински да го запознаваш Бог - Тој сака ти да Го запознаеш!

## Прашања за повторување за четвртата лекција

1. Која е најважната Личност која можеш да ја запознаеш? *(Бог).*
2. Кои беа некои од пронајдоците на потомците на Каин? *(Музички инструменти, како флејтата и харфата; алатки од бакар и железо, ножеви и сл).*
3. Зошто не мора да станеш многу учен пред да Го запознаеш Бог? *(Затоа што Бог им помага на луѓето да Го разберат него и она што Тој го открил за Себеси во Библијата; Тој често им се открива на децата).*
4. Кој "одеше со Бог"? *(Енох).*
5. Како можеш вистински да Го запознаеш Бог во твојот живот? *(Со барање на Господ Исус да ти го прости гревот).*
6. Можеш ли да се сетиш на 4 начини преку кои христијанинот може подобро да Го запознае Бог? *(Разговор, молитва, слушање, читање на Библијата, минување време; имањето посебно време секој ден; послушноста, правењето и неправењето нешта онака како што вели Библијата).*
7. Кое беше големото изненадување кое го доживеаја родинините и пријателите на Енох? *(Енох веќе го немаше, бидејќи Бог го зеде).*
8. Каде беше Енох? *(На небото).*


1


930
смрт
912
смрт
910
смрт
895
смрт
962
смрт
365
2A


2B


3


4


5


6

**Петта лекција**

# БОГ ЌЕ ГО КАЗНИ ГРЕВОТ

| | |
|---|---|
| **Библиски текст:** | 1. Кн. Мојс. 6:1-9; Евр. 11:7; 2. Пет. 2:5 |
| **Основна вистина:** | Бог ќе го казни гревот. |
| **Примена:** | ***за неспасените деца:*** Дојди кај Христос и ќе бидеш спасен од судот.<br>***За спасените деца:*** Можеш да си сигурен дека за тебе нема осудување. |
| **Почеток:** | Разговор за црвеното знаме. |
| **Развој на настаните:** | Луѓето му се непослушни на Бог.<br>Ное живее праведно.<br>Бог му зборува на Ное - ЦВ.<br>Ное проповеда - ЦВ.<br>Ное го гради ковчегот.<br>Луѓето му се смеат.<br>Ковчегот е завршен.<br>Животните влегуваат внатре.<br>Ное и семејството влегуваат. |
| **Кулминација:** | Доаѓа потопот.<br>Сите надвор од ковчегот умираат - ЦВН.<br>Сите внатре во него се спасуваат - ЦВС/ЦВН.<br>Ковчегот застанува на планината Арарат.<br>Ное и семејството излегуваат од ковчегот и Го прославуваат Бог -ЦВС. |
| **Стих за учење напамет:** | Повторете го Јован 17:3. Ако оваа лекција ја користиш како индивидуална лекција, предлагаме да ги поучуваш Римјаните 8:1. "Затоа, сега нема осуда за оние кои се во Христос Исус". |

## Визуелни помагала:

Употреби ги фигурите B22, B46-59. За последната сцена направи божилак.

## Лекција:

Ако видите црвено знаме *(учителе, ако имаат такво знаме, покажи им го на децата)* што тоа значи? *(Дозволи им на децата да одговорат).* Можеби ќе го видите попат - значи дека некој работи на патот, или на брегот, за да покаже дека на тоа место не се плива, или на камион, за да покаже дека нешто штрчи од камионот. Тоа е знак за предупредување. Ако не внимаваш на предупредувањето, ќе се најдеш во опасност.

**Сцена 1**

Многу одамна имаше многу луѓе кои беа во голема опасност. Во времето на Енох, и потоа, луѓето му свртеа грб на Бог и им станаа непослушни на Неговите правила. Почнаа да го прават она што им се допаѓаше ним. Изгледаше како луѓето цело време да планираа да прават нешта кои ќе бидат одвратни во Божјите очи. Навистина, луѓето станаа толку лоши, што Бог зажали што ги создаде.

Но имаше еден човек *(постави го Ное, фигурата B46)* кој Го љубеше Бог и Му беше послушен. Ова беше внукот на Енох, Ное. Библијата и за него го вели истото како и за Енох: тој одеше со Бог.

Затоа Бог му кажа на Ное за она што планира да го направи во врска со злобата и гревот со светот: "Не можам да дозволам оваа злоба да продолжи. Ќе го уништам човекот што го создадов..." Бог му кажа на Ное дека врз земјата ќе испрати страшен потоп како казна за гревот на луѓето. Бог е толку добар и чист што никогаш не може да каже: "Не е важно што луѓето не Ме слушаат". Тој е свет и го мрази гревот. Тој мора да делува против него и да го казни. А кога тој казнува, тоа е секогаш праведна и чесна казна. Оној кој бил непослушен секогаш го добива она што го заслужил.

Тоа беше она што Ное им го кажа на луѓето откако Бог зборуваше со него. Тој тогаш имаше 480 години. Им кажа на луѓето дека Бог ја мрази нивната непослушност. Проповедаше дека треба да се одвратат од гревот и да се вратат кај Бог. Ги предупредуваше за страшната казна која доаѓаше. Но тие не сакаа да ги слушаат неговите предупредувања. Изгледаше дека жената на Ное и неговите три сина, Сем, Хам и Јафет *(постави ги фигурите B47-49)* беа единствениет кои ги послушаа. Тетките, чичковците, братучедите и сите други не им обрнаа внимание на Божјите предупредувања.

Можеби Бог денес те предупредува тебе. Во твојот живот има погрешни нешта кои не се по Негова волја. Ти си себичен. Брат ти сакаше од тебе да позајми книга за да ја прочита, но ти не сакаше да му ја дадеш. Ти згреши пред Бог, кој вели дека треба да Го љубиш Бог и другите околу тебе како самиот себе *(Матеј 22:37-39).* Но ти се сакаш најмногу себеси и Бог не е воопшто задоволен. Или, можеби се лутиш кога ќе ти се каже да го угаснеш телевизорот; или пак лажеш за да се извадиш од неволја.

Овие и многу други неправилни нешта што ги правиш покажуваат дека во твојот живот има грев. Затоа Бог има за тебе едно предупредување: Тој мора, и ќе те казни за гревот. Казната нема да биде голем потоп, туку ќе биде одвојување од Него засекогаш. Тоа е најлошото нешто кое може некому да се случи. Размисли внимателно за Божјите предупредувања и немој да си како луѓето кои не сакаа да го послушаат Ное.

**Сцена 2**

Но Ное правеше и нешто друго, освен проповедањето. Бог му кажа да направи нешто многу, многу необично. Тој градеше брод, кој Библијата го нарекува ковчег *(постави ја фигурата B50)*.

Ковчегот беше голем! Ное имаше три сина и сигурно уште додека беа малечки им објаснил: "Бог ми кажа да изградам ковчег затоа што Тој ќе испрати потоп. Тој ќе ги истреби сите на земјата заради нивната злоба. Ги предупредувам луѓето да се завртат кон Бог и да се одвратат од нивните гревови. Ние сакаме мнозина да дојдат со нас во ковчегот и да се спасат од страшниот потоп."

Кога пораснаа, Сем, Хам и Јафет си најдоа девојки со кои се оженија и му станаа снаи на Ное. Сигурно пријателите на тие девојки се подигрувaа со нив. *(Постави ја фигурата B55, синовите и жените)*. Но и тие млади жени беа исто така подготвени да застанат на страната на Бог, иако другите ги исмеваа и продолжија да живеат по нивниот лош пат.

Секој ден, Ное и семејството работеа на ковчегот. Сечеа дрвја, носеа греди, ги обликуваа и коваа. Луѓето *(постави ги фигурите на потсмевачите B51-53)* сигурно застануваа покрај нив и им се потсмеваа. Никогаш порано не беа виделе ваков брод. Тие исто така немаа видено дожд, а Ное им велеше дека од небото ќе падне вода. Тој им велеше дека Бог ќе ги казни, но тие се смееја и продолжија по своите лоши патишта како ништо да не се случило. Сигурен сум дека им се потсмеваа на Ное и на неговото семејство: "Еј, бодоградители, побрзајте да го завршите бродот пред да почне да врне." "Зарем нема да ви изгледа глупаво да седите во брод на место каде што нема вода?" "Лудиот стар Ное!"

Многу, многу години луѓето го исмеваа Ное. Не го менуваа својот живот и изгледаше дека ништо не им се случува. Не изгледаше дека Бог ќе казни некого, но Тој рече дека ќе казни! Истото се случува и денес. Има многу луѓе кои Му се непослушни на Бог и ништо не им се случува. Ќе мамиш на училиште, а Бог не те казнува. Мислиш лоши мисли и ништо страшно не ти се случува. Но Библијата вели дека Бог ќе го казни гревот. "На луѓето им е определено еднаш да умрат, а потоа доаѓа судот" *(Евр. 9:27)*. Тоа значи дека на крајот на твојот живот, кога ќе се сретнеш со Бог, Тој ќе те казни за твојот грев. Тој засекогаш ќе те отстрани од него во на местото на казна, наречено Пекол. Те молам немој да бидеш како луѓето кои се потсмеваа како тоа никогаш да нема да се случи *(отстрани ги сите фигури)*.

**Сцена 3**

Еден ден, веќе немаше чукање, ниту дигање греди. Сто и дваесет години откако Ное почна да го гради ковчегот, тој беше завршен... *(постави го ковчегот, фигура B57)* висок три спрата и разделен на многу соби. Беше намачкан со битумен. Тоа е нешто лепливо, како катран што штиците ги направи водоотпорни. Ковчегот беше измачкан од двете страни - одвнатре и однадвор. Но пред да почне да врне требаше да се направи уште многу. Ное и синовите мораа да го наполнат ковчегот со храна - и тоа многу храна! Не само храна за луѓето, туку и за животните, зашто Бог му кажа на Ное дека во ковегот треба да земе по две од сите животни, птици и инсекти. Требаше да земат по седум двојки од животните кои се користеа за принесување жртви. Носењето храна во ковчегот веројатно предизвика повеќе смеа и исмевање од луѓето кои стоеја наоколу и гледаа *(повторно постави ги фигурите на потсмевачите B51-53)*.

**Сцена 4**

Библијата не ни кажува како животните дојдоа во ковчегот. Но можеби Бог ги доведе *(постави ги фигурите B58а и б)*. Два слона, две жирафи, два кенгури, лавови, тигри, мајмуни, кучиња, мачки, крави, коњи, глувци и од сите животни за кои можете да се сетите. По седум двојки овци и од другите животни кои беа потребни за принесување жртви. Најпосле, сите животни кои Бог сакаше да бидат во ковчегот беа во него. Бог, кој ги создаде животните и кој им ги даде навиките да се селат од место на место, можеше да ги натера да дојдат во ковчегот кога Тој го сакаше тоа *(отстрани ги фигурите на животните B58а и б)*.

Тогаш Бог Му проговори на Ное: "Влези во ковчегот" - рече Тој. Ное и неговата жена, Сем и жена му, Хам и жена му, Јафет и жена му - сите влегоа внатре. Колкумина имаше внатре? Да, само осуммина. Останатите не сакаа да влезат.

Седум долги денови не се случи ништо. Немаше дожд. Сѐ беше како и порано. Луѓето однадвор сигурно се смееја. Сигурно за Ное и неговите синови кажаа многу лоши работи. "Колку сте глупави да го слушате вашиот стар луд татко!" "Кога ќе признаете дека погрешивет?" "Не гледаме никаков дожд." "Колку лудо семејство."

"Бам!" Што беше тоа? Вратата се затвори - но не ја затвори Ное, туку Бог. И тогаш се случи! Почна да врне. Почна да врне посилно отколку што ти и јас сме виделе да врне. Изгледаше како да тече од големи славини од небото. Водата не само што доаѓаше од небото, туку почна да извира и од земјата. Библијата вели дека од земјата се појавија извори. Водата толку брзо почна да надоаѓа, што не помина долго и ковчегот заплива *(отстрани ги потсмевачите, B51-53)*.

**Сцена 5** *(водата и ковчегот, фигурата B57)*

Веќе немаше шеги и потсмевање. Наместо тоа, се слушаа извици за помош и милост. Веројатно некои луѓе чукаа по ковчегот. Луѓето сигурно почнаа да бегаат кон планините; некои сигурно почнаа да се качуваат по дрвјата. Но водата продолжуваше да расте. Беше предоцна - сите луѓе умреа. Бог им даде 120 години да му свртат грб на гревот, но тие одбија да го направат тоа. Одбија да го послушаат Неговото предупредување. Бог ги казни така како што заслужуваа. Сите беа казнети - млади и стари, умни и помалку умни, богати или сиромаси. Бидејќи Бог е

праведен Судија, Тој секогаш ќе го казни гревот и ќе биде праведен кон сите. Тој рече дека ќе има потоп, и имаше. Во Библијата пишува дека по смртта, сите кои не поверувале во Исус Христос како во свој Спасител ќе бидат засекогаш казнети. Никој нема да може да каже: "Не е фер!", затоа што секој ќе го добие тоа што го заслужил. Што е со тебе? Ќе бидеш ли и ти помеѓу оние кои засекогаш ќе бидат одвоени од Бог? Немој да продолжиш во твојата непослушност, одврати се од неа и поверувај во Исус Христос. Немој да бидеш како неразумните луѓе кои му се смееја на Ное.

Внатре во ковчегот, Ное и семејството можеа да го слушнат дождот и да го почувствуваат движењето на водата. Тие знеаја дека ковчегот се подига. Но тие беа на сигурно. Имаше само едно место кое даваше сигурност и тие беа во него. Колку беа тие среќни и благодарни што коработ беше тој кој врз себе ја зеде силата на дождот и водата.

Можеби откако слушна за Божјата казна за гревот и ти се загрижи, бидејќи знаеш дека ја заслужуваш. Се прашуваш ли: "Има ли начин да се заштитам од казната која ја заслужувам?" Одговорот на твоето прашање е во Библијата. Тој е: "Да!". Има една Личност која може да ти даде сигурност. Кога јас мислам на ковчегот, секогаш мислам и на една Личност. Ковчегот се бореше со силата на водата и брановите и во него. Ное беше сигурен. Исус Христос, Единствениот Божји Син, беше Единствениот кој не заслужуваше да биде казнет за гревот. Тој никогаш не згреши, а сепак Божјиот план беше да Го казни Синот кој многу го сакаше за лошото кое си го направил ти. Исус Христос беше закован на крст и умре. Таму врз Себе ја зеде старшната казна од Бог за твојот грев. Воскресна од мртвите и денес е вистинска, жива Личност. Ное и неговото семејство мораа да влезат во ковегот за да бидат на сигурно. Бог сака ти да дојдеш кај Господ Исус Христос и да побараш од Него да ти прости, да Му веруваш за да те сочува на сигурно од казната што ја заслужуваш. Библијата вели: "Затоа, сега нема осуда за оние кои се во Христос Исус" *(Римјаните 8:1)*. Кога ќе дојдеш кај Господ Исус Христос можеш да бидеш уверен дека си на сигурно, бидејќи Тој ја зеде твојата казна и Бог нема повторно да те казни тебе. Прекрасно е да бидеш зависен од Него и да знаеш дека си на сигурно, исто како што Ное и неговото семејство знаеја дека се сигурни.

Дождот врнеше 40 дена и 40 ноќи, а исто толку долго излегуваше и вода од земјата. Секое живо суштество, освен рибите и водните животни умреа. Тогаш дождот престана. Засвети сонце. Почна да дува ветер. Ковчегот лебдеше, но полека, полека, водата почна да се намалува. Еден ден, Ное и семејството почувствуваа дека ковчегот допре цврста земја и застана врз неа. Се разбира, сè уште требаше да останат внатре.

Сонцето продолжи да свети. Ветрот продолжи да дува. Водата продолжи да се намалува. Најпосле, почнаа да се гледаат врвовите на планините. Ное чекаше 40 дена. Тогаш го отвори прозорецот и пушти гавран. Гавранот е силна птица, и, откако полета, почна да лета натаму-наваму и веќе не се врати кај ковчегот. Потоа Ное пушти гулаб. Тој не може да лета толку долго без некаде да застане, па наскоро се врати кај ковчегот и Ное го прибра внатре. Една недела подоцна, Ное пак го пушти гулабот. Тој се врати назад со маслиново гранче во клунот. Сега Ное беше сигурен дека водата навистина многу опаднала. Кога една недела подоцна повторно го пушти гулабот, тој веќе не се врати. Речиси шест месеци откако ковчегот застана на суво, Ное и неговите синови го отворија покривот на ковчегот. Земјата изгледаше сува, но Бог сè уште им немаше кажано да го напуштат ковчегот. Ное мудро чекаше на Божјите упатства.

Поминаа речиси 2 месеци. Сигурно на Ное и семејството им изгледаше многу долго. Во ковчегот поминаа цела година. Најпосле, Бог проговори: "Ное, излези од ковчегот... нека од ковчегот излезе сè што е во него - животните, птиците и влекачите. Нека се множат и нека ја наполнат земјата". Сигурно беше прекрасно да се оди по чистата земја. Тие беа сочувани на сигурно!

Ако си поверувал во Исус да те заштити од Божјата казна, ако си христијанин, тогаш си сигурен. Ти никогаш нема да бидеш казнет од Бог поради твојот грев, затоа што тој Го казни својот сакан Син наместо тебе. Ти не треба да се плашиш да умреш, затоа што засекогаш ќе живееш со Бог. Божјото ветување е: "Затоа, сега нема осуда за оние кои се во Христос Исус" *(Римјаните 8:1)*. Зарем вие кои сте го примиле Исус како Спасител не треба да сте благодарни за тоа?

**Сцена 6** *(поставете го олтарот, Ное и семејството, фигурите B22, B46, B55-56)*

Ное и семејството беа навистина благодарни. Првото нешто што го направи Ное беше да изгради олтар и да принесе жртви на Бог. Тие се молеа и Му благодарија за Неговата грижа кон нив. Бог им даде прекрасно ветување - дека никогаш повеќе нема да има потоп над целата земја. Тогаш Бог на небото постави нешто што ќе ги потсетува нив и нас на тоа ветување. Тој направи прекрасен божилак *(постави го на небото божилакот што си го нарпавил сам)*. Сигурно и ти си видел божилак. Тој треба да те потсетува на Божјото ветување - ветување што Тој никогаш нема да го прекрши.

Ное и семејството беа толку многу благодарни за сета Божја добрина кон нив. Им беше драго што отидоа во единственото сигурно засолниште. Дали си и ти како нив? Знаеш ли дека си сигурен проади тоа што си поверувал во Исус Христос?

Или си како другите луѓе. Тие го слушнаа Божјото предупредување, но не го послушаа. Тие знаеја каде е единственото сигурно место, но не влегоа во него. Продолжија да живеат во непослушност и Бог мораше да ги казни. Ох, послушај ги Божјите предупредувања! Дојди кај Исус Христос, единствениот кој може да те заштити од казната што ја заслужуваш. Ако навистина сакаш да бидеш сигурен, дојди кај Него уште сега. Таму каде што седиш, тивко зборувај Му на твоето срце. Можеш да му кажеш нешто слично на ова: "Драги Господе Исусе, јас знам дека ја заслужувам

Божјата казна. Жал ми е што сум бил непослушен и сакам да се променам. Ти благодарам што Ти беше казнет наместо мене и сега барам Ти да ме спасиш."

## Прашања за повторување за петата лекција

1. Зошто Бог испрати голем потоп врз земјата? *(Поради гревовите на луѓето кои одеа по своите зли патишта, без Бог).*
2. Што правеше Ное додека го градеше ковчегот? *(Ги предупредуваше луѓето за казната што доаѓаше).*
3. Колку време Ное го градеше ковчегот и проповедаше? *(Сто и дваесет години).*
4. Зошто Бог секогаш го казнува гревот? *(Бидејќи Тој е свет, чист и праведен. Затоа Тој секогаш мора да го казни гревот).*
5. По колку животни имаше во ковчегот? *(По седум парови од оние животни што се користеа за жртви, и по два пара од сите други).*
6. Кој ја затвори вратата на ковчегот? *(Бог).*
7. Што им се случи на луѓето што останаа надвор од ковчегот? *(Сите беа казнети и умреа).*
8. На кој начин нè потстува ковчегот на Господ Исус Христос? *(Исус Христос може да ти даде сигурно засолниште од казната, исто како што ковчегот ги заштити Ное и неговото семејство).*
9. Што направи Ное со семејството откако излегоа од ковчегот? *(Ное направи олтар и принесе жртви на Господ).*
10. Зошто Бог постави на небото божилак? *(Како потсетување на Неговото ветување дека никогаш повеќе ќе нема потоп врз целата земја).*
11. Што ќе им се случи на сите оние што одбиваат да поверуваат во Исус Христос како во Спасител? *(Засекогаш ќе бидат одвоени од Бог).*
12. Зошто беше Ное сличен на Енох? *(Тој одеше/живееше со Бог).*












